**ГРАД СКОПЈЕ**

**Предлагач:** **Градоначалник на Град Скопје**

**Изготвувач:** **Сектор за комунални работи**

**Претставник :** **Зоран Лапевски**
**Раководител на**
**Сектор за комунални работи**

**Повереник :** **Драги Митковски,**
**Пом.Раководител на Сектор**

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
# ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА
# ЈП Лајка- СКОПЈЕ

**Скопје,Јули 2022 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 89/22 ), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2022 година, донесе

**О Д Л У К А ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ЛАЈКА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа Одлука Градот Скопје одобрува субвенционирање на ЈП Лајка – Скопје, во износ од 10.000.000,00 (десет милиони) денари заради потешкотии во работењето.

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 07-
_________2022 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
ТРАЈКО СЛАВЕСКИ

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локална самоуправа утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 8-б од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, односно одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Со оваа одлука предвидена е субвенција од 10.000.000 (десет милиони) денари, обезбедени од Буџет на Град Скопје за 2022 година, преку ставката за потешкотии во работењето, од причина што претпријатието се наоѓа во незавидна економска состојба, па согласно на тоа овие средства ќе придонесат за извесна материјална консолидација на претпријатието

Врз основа на горенаведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Одлуката за субвенционирање на ЈП Лајка – Скопје.